# З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА

објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 36 од 23.03.2007 година

Член 1

Во Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ број 63/2006), во членот 8 став 1 точка 33 по зборовите: „тарифни ставови“ се додаваат зборовите: „за сопствена потрошувачка“.

Член 2

Во членот 77 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Количините на електрична моќност и енергија кои снабдувачот на електрична енергија за тарифни потрошувачи на големо има обврска да ги набави за потребите на тарифните потрошувачи директно приклучени на преносната мрежа, се утврдуваат со одлука на снабдувачот на електрична енергија на тарифните потрошувачи на големо. Количините на електрична моќност и енергија над утврдените во оваа одлука, тарифните потрошувачи директно приклучени на преносната мрежа треба да ги набават на пазарот на електрична енергија и се обврзани да го евидентираат секој таков договор за купување на моќност и енергија кај операторот на пазарот на електрична енергија, согласно со пазарните правила.“

Ставот 2 станува став 3, а ставовите 3, 4, 5 и 6 стануваат ставови 4, 5, 6 и 7.

Член 3

Насловот на Главата XV „КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ“ се менува и гласи: „XV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ“.

Член 4

Во членот 153 став 1 воведната реченица се менува и гласи: „Глоба во износ од 3.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:".

Ставот 2 се менува и гласи:

„За дејствијата од ставот 1 на овој член, покрај глобата, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење соодветна енергетска дејност во траење од една до три години.“

Во ставот 3 зборовите: „ќе се казни со парична казна од 20.000 до 50.000 денари“ се заменуваат со зборовите: "ќе се изрече глоба за прекршок од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност“.

Ставот 4 се менува и гласи:

„За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење од три до пет години“.

Член 5

Во членот 154 став 1 воведната реченица се менува и гласи: „Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице, ако:“.

Член 6

По членот 154 се додава нов член 154-а, кој гласи:

"Член 154-а

Глоба во износ од 3.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако договорите за купување на енергија и моќност не ги евидентира кај операторот на пазарот на електрична енергија (член 77).

За дејствијата од ставот 1 на овој член, покрај глобата, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење соодветна енергетска дејност во траење од една до три години.

За дејствијата од ставот 1 на овој член ќе се изрече глоба за прекршок од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност и на одговорното лице во правното лице.

За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече прекршочна санкција забрана на вршење должност во траење од три до пет години."

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, освен членовите 1,2 и 6 од овој закон кои ќе се применуваат од 1 април 2007 година.